РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1333/4
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1333/1 од 05.04.2024 година, оформен по доставена пријава против членови на Управниот одбор при -- ----------- ---- --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1333/1 од 05.04.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 05.04.2024 година, поднесена е пријава против членови на Управниот одбор при -- ----------- ---- --------, при што оформен е предмет број 12-1333/1 од 05.04.2024 година.

Во пријавата е наведено дека Управниот одбор со Одлука донесена на седница одржана на ден 28.12.2023 година, незаконски спротивно на статутот, одлучила за 100 процентно зголемување на хонорарите и патните трошоци на членовите на управниот одбор. Воедно се посочува дека со ваквата Одлука биле предизвикани финансиски импликации како и проблеми во рентабилното работење на установата.

Заради утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од -- ----------- ---- -------- ------, да достави информација во однос на наводите во пријавата како и прилог документација со образложение за правниот основ на

донесените одлуки на Управниот Одбор за покачување на хонорарите и патните трошоци на членовите на Управниот Одбор.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација како и од извршени интерни проверки констатирана е следната фактичка состојба:

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија со мандат од 4 години.

Членовите на Управниот одбор во -- ---------- ---- -------- примаат надоместок за својата работа, како и надоместок за патни трошоци за тие кои што доаѓаат надвор од градот. Висината на надоместокот во предметната установа е утврден со Одлука на Управниот одбор на 15-та седница одржана на 28.12.2023 година која е донесена согласно прописите и општо прифатената висина на надоместоци за работа во Управниот одбор, при што одлучено е месечниот надоместок за работа на Претседателот на Управниот одбор да изнесува 12.000 денари, за потпретседателот или заменик претседател да изнесува 11.000 денари во нето износ, а за внатрешните и надворешниоте членови на Управниот одбор во -- ---------- ---- -------- да изнесува по 10.000 денари нето износ.

Во врска со утврдување на висината на надоместокот за патните трошоци за членовите на Управниот одбор кои доаѓаат од други градови заради зголемените трошоци за живот меѓу кои и цената на горивото одлучено било да изнесува 3000 денари, за која одлука сите членови се сложиле едногласно.

Владата на РСМ по однос висината на месечните надоместоци на 20.04.2021 година на својата 66 седница има донесено Заклучок сите институции од јавниот сектор во кои се именуваат Управни и Надзорни одбори, одбори за контрола на материјално и финансиско работење и давање совети, висината на надоместокот да биде во апсолутен износ и тоа 12.000 денари за претседател, 11.000 денари во нето износ за заменик претседател или потпретседател, 10.000 денари нето износ за членовите на УО.

При извршена споредба на износите на предметните надоместоци, констатирано е дека не постои пречекорување односно месечниот надоместок наменет за членовите на Управниот одбор на -- ---------- ---- --------е во согласно прописите и општо прифатената висина на надоместоци, утврдени во донесениот заклучок на Владата од 20.04.2021 година.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите од предметната пријава за незаконски зголемени месечни надоместоци за членовите на Управниот одбор не се потврдени, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: Т.Д., Претседател

Доставено до
-подносителот на пријавата